Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Четириесет и првата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 април 2022 година**

**Скопје, април 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Четириесет и првата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 април 2022 година**

Седницата започна во 10:40 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, доц. д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваше и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи и Славјанка Петровска, министер за одбрана.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Одбележување 100 дена Влада

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

По повод одбележувањето на постигнувањата на Владата и министрите во првите 100 дена од работењето на Владата, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски им се заблагодари на членовите на Владата за работата во првите 100 дена и истакна дека Владата си постави цел и останува на истата, а тоа е да обезбеди сигурност и континуитет во создавањето услови за подобар живот, како и европска и просперитетна иднина за нашите граѓани, за што е потребно ефикасно, чесно и одговорно владеење.

Притоа, истакна дека Владата јасно ги дефинираше приоритетите за работата:

- Клучен прв приоритет е справување со енергетската криза во државата, којашто е пред сѐ европска енергетска криза и која се чувствува во Република Северна Македонија, а која доби дополнителни загрижувачки димензии со војната во Украина. Самата воената агресија во Украина, ја исправи Владата, како земја членка на НАТО, пред историски предизвик, заедно со сојузниците, бескомпромисно да одговори на овој антицивилизациски чин како што е бруталното кршење на меѓународното право и на сите конвенции за мир и безбедност.

- Заштитата на животниот стандард на граѓаните и поддршка на компаниите во светло на економската криза која произлегува од енергетската и воената криза и

- Исполнувањето на целите во однос на големите инфраструктурни проекти, како и евроинтеграциите.

Претседателот на Владата на Република Северна Македонија истакна дека во првите три недели од работата на Владата се зголеми минималната плата на 18.000 денари, а со тоа директно се подобри животниот стандард на граѓаните, на работниците. Во исклучително кризна година, година на европски и светски кризи, ефикасно и посветено се постигна решение кое значи поддршка на граѓаните и економски раст и развој. Денес околку 160.000 граѓани добиваат најмалку 18.000 денари плата.

Истовремено, Владата преку одговорна и посветена работа на сите чинители вклучени во економско-социјалниот дијалог обезбеди и континуиран раст на пензиите, а со тоа и на животниот стандард и квалитетот на живот на пензионерите. Имено, со воведувањето на новата методологија од септември 2022 година, пензионерите секој месец ќе имаат просечно по дополнителни 900 денари на својата пензија, а се обезбеди и директна финансиска помош, по дополнителни 1000 денари за три месеци, односно вкупно 3000 денари за речиси 330 илјади пензионери во Република Северна Македонија. Денес во Република Северна Македонија има трајна и одржлива методологија која што нема да зависи од нечија политичка волја или од тоа дали ќе има избори, постои квалитетно решение со кое пензионерите ќе добиваат повисоки пензии.

Понатаму, Владата подготвено се соочи и со енергетската криза и притоа со низа одговорни и сеопфатни решенија обезбеди заштита за граѓаните од поскапувањата предизвикани од глобалната енергетска криза. Владата го презеде управувањето и снабдувањето со енергенси за топловодните компании во Град Скопје со цел обезбедување континуирано парно греење за граѓаните. Проценетите субвенции за непречено снабдување со топлинска енергија на делови од Градот Скопје со 2,9 милиони евра на месечно ниво, во периодот на грејната сезона, а месечната заштеда по домаќинство е 1000 денари или вкупно 2500 денари по домаќинство, само за Град Скопје.

Активирани се сите домашни капацитети за производство на електрична енергија, се намали ДДВ-то за струја од 18% на 5% и се обезбедени дополнителни 670 милиони денари за Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје за производство на електрична енергија и вложување во проекти во обновливи извори на енергија.

Со продлабочувањето на кризата, Владата подготви и испорача пакет антикризни мерки за дополнителна помош на граѓаните и компаниите, со фокус на поддршка за најранливите категории граѓани. Вкупната вредност на сетот мерки за поддршка изнесува над 400 милиони евра, а вкупното влијание на мерките достигнува речиси 615 милиони евра. Со овие антикризни мерки, сметките на граѓаните се помали за околу 4.000 денари месечно.

Со цел да се ублажат ценовните шокови, Владата најпрво ги замрзна цените на основните производи за исхрана, а потоа маржите. Со оваа мерка се спречи создавање над нормални профити и се овозможи ублажување на ценовниот шок врз одбрана категорија на прехранбени производи. Со преземените мерки денес имаме најниски цени на основни производи и енергенси во регионот. Владата се грижи за заштита на стандардот на граѓаните. Во оваа насока е и мерката со која 35.000 граѓани од најранливи категории добија ваучери за основни производи за исхрана и тоа по 1.000 денари за три месеци, односно вкупно 3000 денари, додека со Програмата за енергетска сиромаштија, се предвидува финансиска поддршка за лица со ниски примања, којашто изнесува од 600 до 800 денари месечно и важи во континуитет, односно 7.200 до 9.600 денари на годишно ниво за домаќинства од најранливи категории.

Исто така, истакна дека во време на криза, Владата презема храбри чекори и инвестициски проекти кои ќе го трансформираат енергетскиот систем и кои се насочени кон користење на обновливи извори на енергија и енергетска независност со огромни придобивки за граѓаните во Република Северна Македонија. Еден од тие проекти е новата фотонапонска електрана „Осломеј“ која ќе произведува чиста, домашна енергија и ќе придонесе кон заштита на животната средина. Ова претставува прв проект со кој се заменува производството на електрична енергија од загадувачка технологија во чиста технологија и како таков е пример и за идните проекти за енергетска транзиција во земјите на Западен Балкан.

Понатаму, Република Северна Македонија ќе биде дел од проектот за изградба на терминал за течен природен гас во Александропули во Грција, за складирање на течниот природен гас и гасификација, со капацитет од над 5,5 милијарди кубни метри. Вклучувањето на Владата на Република Северна Македонија во изградба на овој терминал создава можност за трајно и стабилно снабдување со природен гас за земјата, од каде потоа истиот ќе се дистрибуира и пошироко во регионот. Понатаму, Чебрен, еден монументален историски проект којшто го воделе веројатно сите влади, за прв пат се наоѓа во втора фаза.

Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, елаборираше за важноста од членството на Република Северна Македонија во НАТО. Имено, Република Северна Македонија како земја членка на НАТО целосно ја усогласи својата надворешна политика со Европската Унија. Понатаму, ги донесе сите одлуки усогласени со земјите членки на НАТО и на Европската Унија. Проширувањето на ЕУ ќе ја зголеми безбедноста и ќе ја консолидира демократијата и поради тоа од исклучителна важност за Република Северна Македонија е да започне преговори за пристапување во Европската Унија, без натамошни одложувања. Владата интензивно работи и на превод на правото на Европската Унија и ги прави неопходните усогласувања со националното законодавство и други документи што се од важност за кога ќе започнат преговорите по поглавја истите да се затворат колку што е можно побрзо. Владата активно работи и на придонесот кон Годишниот извештај на Европската комисија за Република Северна Македонија, при што сите доставени документи од надлежните институции за 39 поглавја, согласно новата методологија на Европската комисија се проверени и доработени и по одобрување од Владата ќе бидат доставени до Европската комисија.

Исто така, војната во Украина овозможи во пракса да се согледа важноста на членството во НАТО за Република Северна Македонија. Безбедноста и сигурноста на државата е загарантирана и стабилна, а нашата армија ги развива капацитетите. Воедно, согласно НАТО стандардите, се продолжи со вложување во подобри услови за секој припадник на Армијата и се реализираа и финализираа поголем број на капитални инвестиции во објекти на Армијата.

Исто така, за нашите државјани, кои живеат во странство се спроведе процесот на унапредување на проектот - Мобилни станици, каде беа инсталирани и ставени во употреба 9 базни станици и 5 мобилни станици, кои се директно поврзани преку Министерството за надворешни работи со Министерството за внатрешни работи. Тоа овозможи целата постапка од поднесување на барањето до врачување на патната исправа од шест месеци да се скрати на период од три до четири недели.

Во изминатиот период беа спроведени и неколку успешни полициски акции за сузбивање на организираниот криминал со наркотици. Резултатите од бескомпромисниот став во сузбивањето на недозволена трговија со дрога се евидентни и во смисла на откриени количини дрога и во смисла на вредноста на различните видови психотропни супстанци. Истовремено, се продолжи со реконструкција и реновирање на полициските станици, се воспостави систем од модерни и опремени објекти за стручна и ефикасна работа на полицијата, но можеби една од позначајните работи е намалувањето на бројот на жртви во сообраќајните несреќи.

Понатаму, Владата продолжи со реализација на Планот за дигитализација на правосудството. Инсталирана е и ставена во употреба информатичко-компјутерска опрема во судниците на 5 основни суда во Република Северна Македонија. Имено, обезбедувањето дигитални услуги за граѓаните е еден од приоритетите на Владата на Република Северна Македонија, бидејќи дигитализацијата овозможува брз, лесен и едноставен начин на барање и стекнување на документи или податоци за секој еден граѓанин на нашата држава. Електронските уверенија од казнената евиденција за физички лица и правни лица се достапни како услуга на националниот портал uslugi.gov.mk.

Успешно се спроведува и системот за бесплатна правна помош за граѓаните каде што е зголемен бројот одобрени барања за бесплатна секундарна правна помош за над 50%, додека пак примарна правна помош добиле речиси 20% повеќе граѓани во однос на претходната година.

Исто така, со оглед на достоинството и одговорноста што со себе ја носат професиите судија и обвинител, а со цел заштита од притисоци при донесување одлуки, во Владина процедура се и Предлогот на закон за изменување на Законот за платите на членовите на Судскиот совет на Република Македонија и Предлогот на закон за изменување на Законот за платите на судиите.

Понатаму, за Владата обезбедувањето на квалитетни здравствените политики во услови на здравствена криза се, исто така, висок приоритет. Постигнато е намалување на цените на одредени лекови преку успешни преговори со фармацевтските компании. Тенденцијата на Владата е да обезбеди повеќе лекови без доплата за пациентите. На Институтот за радиологија, се инсталирани четири нови апарати за компјутерска томографија и за магнетна резонанца, со што се овозможува побрз пристап на пациентите до потребните дијагностички услуги, а со тоа и побрза детекција и третман на заболувањата, особено ако станува збор за малигни заболувања каде раната детекција е клучна. Исто така, преку веб- платформата skrining.mk, жените за првпат имаат можност по електронски пат да закажат преглед во рамки на бесплатниот организиран скрининг за рана детекција на рак на грло на матка.

Во однос на реализацијата на капиталните инвестиции во патната и железничката инфраструктура, истакна дека Владата интензивно ги спроведува фазите на градба на огромен број делници во земјава. Имено, во услови на криза Владата интензивно гради автопатни делници, експресни патишта, регионални и локални патишта. Во изминативе неколку месеци, завршени се или се во различни фази на изработка, патишта во должина од околу 200 км со кои граѓаните го скратуваат времето на патување, а возат по сигурни и безбедни делници.

Исто така, инфраструктурните капитални инвестиции помагаат да се одржи економската стабилност, да се обезбеди повисока продуктивност и вработувања, да се намалат производните и транспортните трошоци за компаниите и да се зголеми квалитетот на живот на граѓаните.

Во однос на изградбата на социјални станови, Владата распиша јавен повик за распределба на 70 социјални станови во Општина Гостивар. Завршена е социјалната зграда во општините Неготино и Демир Капија, а исто така започната е изградба на 36 социјални станови во Општина Пехчево и 59 социјални станови во Општина Сарај.

Понатаму, Владата прави максимални напори во услови на една од најголемите светски кризи во поновата историја, да го зголеми домашното производство на основни суровини на храна, но и да ги обезбеди потребните количини од увоз. Следствено, со усвоениот сет мерки, со интервентниот фонд и со Националниот план за производство на храна, Владата дава силна поддршка и помош на земјоделците и на граѓаните. Сите овие преземени мерки овозможуваат навремено снабдување со потребните основни суровини за производство на храна, со ѓубриво за сеидба и прихрана, семенски материјал и зелена нафта.

Со Националниот план за производство на храна во вредност од 400 милиони денари Владата дава поддршка за зголемување на домашното производство на стратешките земјоделски производи, преку краткорочни и долгорочни мерки. Владата издвои 250 милиони денари за Програмата за интервентен фонд за мерки за помош на земјоделците. Интервентните мерки придонесуваат кон намалување на производствените трошоци и се зголемува домашното производство на земјоделско-прехранбени производи. Владата, исто така, објави и наменски оглас за доделување на државно земјоделско земјиште под закуп. Речиси 6.000 хектари се ставени на располагање на земјоделците за производство на стратешки култури како што се пченицата, пченката, јачменот и сончогледот. Исто така, Владата го промени моделот на исплата на државните субвенции во интерес на земјоделците. Согласно европските регулативи предвидена е предвремена, авансна исплата, тогаш кога финансиските средства им се најпотребни на земјоделците.

Професионализацијата на администрацијата е високо на листата на приоритети на Владата. За таа цел, во Владата се финализираат новите Предлог-закон за вработените во јавниот сектор, Предлог-закон за административни службеници и Предлог-закон за висока раководна служба. Со овој пакет на закони се разграничува политичкото од професионалното ниво, се утврдуваат јасни линии на отчетност на високите раководители, што овозможува унапредување на јавните услуги и зајакнување на доброто владеење како иманентен принцип на работење во јавната администрација. Воедно, се обезбедува зголемена ефикасност и ефективност на постапките за управување со човечките ресурси и јасно се регулира мерит постапката за вработување и избор на најдобриот кандидат.

Во тек е и пилот програмата за реорганизација на органите на државната управа, агенциите и инспекциските служби на централно ниво, чија цел е воведување на јасни линии на отчетност, нова хиерархиска поставеност и запазување и разграничување на функциите: креатор на политики, имплементатор и надзор.

Исто така, секојдневно се развиваат и се дополнува листата на јавно достапни електронски услуги на Националниот портал uslugi.gov.mk со што се обезбедува подобрена испорака на услуги до граѓаните и до приватниот сектор и се овозможува транспаретно и отчетно демократско владеење.

Воедно, со подготовката на новиот општ колективен договор за јавниот сектор, со цел да се обезбеди усогласување на платите со растот на минималната плата. Владата преку социјалниот дијалог меѓу партнерите, ќе изработи нова методологија за пресметка на платите, ќе го отвори процесот за реформи во јавниот сектор за оптимизација и рационализација, како и ќе изработи нов закон за плати во јавниот сектор.

Владата силно го поддржува рамномерниот регионален економски развој и затоа реализира проекти за подобрување на условите за живот во општините, како и проекти кои ја зголемуваат нивната финансиска независност. Имено, потпишани се договори за финансирање и кофинансирање на осум проекти во осум општини, преку проект „ЕУ за општините“ во вредност од 5,5 милиони евра. Проектите, секој со просечна вредност од над 600 000 евра се однесуваат на подобрување на условите за заштита на животната средина, на зголемување на мобилноста, подобрување на социјалните услуги, воведување на е-услуги во општините, односно подобрувањето на локалните услуги од што најмногу корист ќе имаат граѓаните.

Исто така, Владата ја продолжува и Програмата за прекугранична соработка. Имено, потпишани се договори за кофинансирање на 11 проекти со Албанија вредни шест милиони евра и 22 проекти со Грција за кои се обезбедени 7,6 милиони евра од ИПА.

Во однос на културата и уметноста како важни двигатели на општествените промени, Владата обезбедува целосна поддршка за реализација на големите фестивали и претставувања во странство, како што е најпрестижната светска манифестација во уметноста - Венецијанското биенале.

Со Годишната програма за инвестиции во културата за 2022 година, распределени се финансиски средства во износ од 536 милиони денари и тоа за изградба и реконструкција на нови објекти од областа на културата. Дополнително, усогласувањето со минимална плата овозможува соодветна валоризација на трудот на културните работници, а тоа ветува врвна продукција и засилена заштита на културно наследство. Притоа, формиран е нов состав на Национална комисија за УНЕСКО како и Национален совет за културно наследство.

Во однос на заштитата на животната средина и подобрувањето на квалитетот на животот на граѓаните, кој е висок приоритет на оваа Влада, започнато е чистење на линданот од малата депонија во ОХИС. Владата посвети многу енергија и внимание за решавање на овој проблем, кој претставува еколошка закана. Дополнително, ставени се во функција две нови мерни станици на квалитет на воздухот со што бројот на мониторинг станиците се зголеми на 21, а вкупно се одвоени средства во висина од над 12 милиони денари. Исто така, енергетската ефикасност на јавните објекти е во тек, а за проектот за поставување на фотоволтаични системи во јавните објекти на територијата на Општина Чаир одвоени се 9 милиони денари. Притоа, Владата го утврди и новиот Закон за инспекциски надзор во животната средина.

Во однос на доброто владеење, транспарентноста и отчетноста Владата обезбеди зголемена транспарентност и отчетност во трошењето на буџетските средства при јавните набавки. Државните институции имаат рок од 30 дена, не само преку Електронскиот систем за јавни набавки, туку и на своите официјални веб-страници, да објавуваат информации за спроведените јавни набавки, со цел граѓаните да имаат брз, лесен, едноставен и разбирлив пристап до информациите за тоа како институциите ги трошат јавните пари. Воедно, преземени се мерки за обезбедување на кодот за софтверот е-инспектор и за негово предавање во сопственост на Инспекцискиот совет, со што се овозможува одржливост, можност за унапредување на оваа алатка и имплементирање во останатите 13 инспекторати.

Понатаму, во однос на економските и финансиските показатели споредено со брзорастечката глобална економска криза, Владата обезбеди стабилност на финансискиот систем. Денарот и покрај сите турбуленции е стабилен. Владата постави заштитни механизми во финансискиот систем, што овозможува негово непречено функционирање, а соодветното ниво на девизните резерви овозможува доволна девизна ликвидност на домашната економија. Дополнително, од пакетот антикризни мерки операционализацијата на бескаматните кредити од Развојна банка во вредност од 5 милиони евра за три поволни кредитни линии за поддршка и развој на приватниот сектор ќе обезбедат поддршка за стопанството и ликвидност на компаниите.

Со донесената Програма за економски реформи за следниот тригодишен период Владата ја поттикнува зелената транзиција со цел зголемување на уделот на енергија добиена од обновливи извори, зајакнување на човечкиот капитал, како и подобрување на конкурентноста на домашните претпријатија и нивна интеграција во глобалните вредносни синџири, како и формализација на економијата.

Исто така, со измените и дополнувањата на Законот за царинска тарифа, со кој се намалени или укинати царинските стапки на 258 суровини и репроматеријали, Владата овозможи намалени трошоци за производство на компаниите, нивна поголема конкретност, проширување на производството и зголемување на бројот на вработени.

Владата ја измени Уредбата за висина на надомест за приватизација на градежното земјиште што се приватизира, начинот и постапката за наплата на надоместот за приватизација на градежно земјиште, со што се смени висината на надоместокот за приватизација. Имено, со измените, за 30 пати се зголемува цената на неизграденото земјиште наменето за колективно домување и комерцијален деловен објект, а за стопански производни објекти таа се зголемува за 20 пати.

Исто така, Владата донесе Националната развојна стратегија 2022-2042 со цел да обезбеди долгорочна визија и патоказ за економскиот, социјалниот, културниот и еколошкиот развој на Република Северна Македонија. Примарен фокус на Националната развојна стратегија е отворање можности, но и создавање капацитети и отпорност на општеството за справување со зголемената несигурност и ризици во светски рамки, како и за справување со глобалните трендови како што се климатските промени и дигиталната трансформација.

Истовремено, Владата ги задолжи сите министерства и замениците на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да подготват детални известувања за сработеното во изминатите 100 дена од мандатот на оваа влада и истите соодветно да ги споделат со јавноста и граѓаните.

**Точка 2**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 3**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*  *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 11:15 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Методија Димовски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**